## Ванчо СТОЈЧЕВ, ВОЕНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, „Микена“, Скопје 2000 год., 841

Македонската научна мисла и оваа година, беше збогатена со уште еден научен труд од областа на историската наука. Во издание на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија и Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ излезе од печат трудот на д-р Ванче Стојчев „Воена историја на Македонија“.

Трудот е составен од две книги, од кои, првата ги разработува содржините на војните, најзначајните битки и востанија во светот и во Македонија, а втората е збир на најзначајни битки и настани претставени во 188 скици и карти.

Во првата книга (5–841), покрај кусиот предговор и вовед, основниот текст е поделен на два дела, „Општа воена историја“ и „Македонска воена историја“.

Во општата воена историја (5–198), авторот во седум посебни глави дава преглед на воеНото организирање и воената вештина, што на еден или на друг начин, биле во корелација со случувањата на македонскиот простор. Текстот го започнува со случувањата во **античкиот период,** притоа, обрнувајќи внимание на војните и битките што биле водени во егејскиот свет (Тројанската војна, војните на Персија со елинските градови, битката кај Термопилите, Саламина, Платаја и др.) на борбените формации во тоа време, потоа говори за **војувањето во средниот век,** каде дава осврт на општите карактеристики на војните и воеНото организирање на византиската држава, првите напади на Словените и нивното вооружување и воено организирање на Словените, за да потоа читателот го пренесе во времето на големите **војни на Наполеон.** Во овој дел, посебен акцент е даден на организацијата на армијата, на воените походи на Наполеон, на битките кај Аустерлиц, Бородино, Ватерло како и на неговиот придонес во воената организација и воената вештина. **Граѓанската војна во Соединетите Американски Држави** е насловот на четвртата глава. Во неа се потенцираат значајните настани од создавањето на САД, односно војната за независност, вооружените сили, но и Граѓанската војна и некои битки. На дваесетина страници, со посочување на бројни податоци, д-р В. Стојчев се осврнува и на **Првата светска војна.** Во текстот сретнуваме информации за создавањето на воените сојузи, причините за војната, воените планови а се обработуваат и поважните настани од 1915, 1916 и 1917 година, но и капитулацијата, односно поразот на Централните сили. Во посебна глава се разработени настаните од **Втората светска војна.** На овој дел од трудот авторот му посветува малку поголем простор (95-170). Во тој дел се осврнува на воено-политичките настани што ѝ претходеле на војната: воените планови на противставените сили, германската агресија на Полска и на другите држави во Западна Европа, италијанската агресија на Грција, нападот на Кралството Југославија, Грција и СССР, воените операции на источниот и Западниот фронт и во Африка, но и завршните операции во Втората светска војна. Делот од општата воена историја завршува со сед-

мата глава под наслов: **Современи локални војни од поново време,** при што на читателот му се нудат податоци за настаните што се случиле во поново време, притоа, обрнувајќи посебно внимание на четирите израелско-арапски војни, Фокландската војна, на војната во Персискиот Залив и на војната во Југославија, односно во Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Во тој контекст, во посебна точка се презентираат искуствата и поуките од нив.

Вториот дел од трудот (201–749) на д-р Ванче Стојчев под наслов **„Македонска воена историја“**, односно Македонската војска низ историјата, има дванаесет глави со поголем број поднаслови. глави, преку еден хронолошки ред, авторот ја презентира **Воената организација и воената вештина на античките Македонци**, создавањето на античката македонска држава, воената организација и најголемите битки водени за време владеењето на Филип II и Александар Македонски. Во оваа глава се презентирани и податоци за Македонија по смртта на Александар и за Македонско-римските војни.

**Военото организирање во средновековна Македонија** е насловот на втората глава во која се разработени историските сознанија за создавањето на воените сојузи на Словените, на македонските Словени во борбите за освојување на Солун, борбите за самостојност и независност, бугарските завладувања со Македонија, но и воената дејност на Методиј.

Создавањето на Самоиловата држава, организацијата и воената вештина на Самоиловата македонска војска, и војните што се водени потоа, со посебна обработка на состојбите во Македонија во IX и во X век, востанијата на коми-топулите (969–976), се предмет на обработка во третата глава.

Во тој контекст се елаборираат настаните од XI до XIV век поврзани со востанијата во Македонија, водени против византиската власт (востанијата на Петар Делјан, Николица Лариски и Ѓорѓи Војтех), потоа Крстоносните војни во Македонија (првата, втората, третата и четвртата), востанијата на Добромир Хрс и Добромир Стрез, востанието на Драгота (1255) и Пелагониската битка како и завладувањето на Србите во Македонија и распаѓањето на Душановото царство.

Османлиското освојување на Балканскиот Полуостров и навлегувањето во Македонија, воените походи на османлиите (битката на Марица), организацијата на војската, учеството на христијанското население во османлиската војска, потоа прашањата поврзани со ајдутството во Македонија, буните против османлиите и учеството на македонското население во востанијата на Муса Челеби и Скендербег, Карпошевото востание, и активноста на Македонскиот полк во Украина, се презентираат од петтата до деветтата глава.

Повеќе простор авторот посветува на националнореволуционерниот период (323-483). Во него е прикажана состојбата во Македонија од почетокот на XIX век, со презентирање на настаните тесно поврзани со: учеството на Македонците во ослободителните борби на соседните народи (Првото српско востание, Грчкото востание од 1821 г. како и неговото учество во бугарската ослободителна борба), Негушкото востание, востаничките и ајдутските акции, обидите на Стојан Везенков за кревање на востание, Разловечко-

то востание, Кумановско – кривопаланечкото востание како и учеството на македонците во Српско-турската војна, со учеството на македонците во Руско-турската војна, Пијанечкото востание, прелиминарниот Санстефански договор и македонското прашање на Берлинскиот конгрес. Посебно внимание се посветува и на Македонското (Кресненско) востание како и на настаните што се случиле потоа.

Во книгата, д-р Ванчо Стојчев посветува посебно внимание на Илинденското востание. Во петнаесет точки се третираат историските настани и состојби во Македонија, особено со формирањето на Македонската револуционерна организација, создавањето на оружените сили на ТМОРО, дејноста на македонскиот Врховен комитет, подготовките за Илинденското востание, одржувањето на окружните конгреси, воената стратегија на ТМОРО, востаничките акции во Битолскиот, Скопскиот, Струмичкиот, Солунскиот и Серскиот револуционерен округ, но и тактиката на оружените дејства и воено-политичката состојба во Македонија.

Посебен акцент авторот дава на состојбите во Македонија во времето на Балканските војни особено на односите на соседните земји но не помалку и на создавањето на Балканскиот сојуз, Првата и Втората балканска војна и учеството на Македонците во војските на државите што ја опкружуваат. Со посебно внимание и прецизни податоци, се објаснуваат битките (кај Куманово, за Кичево, кај Алинци, Битолската битка, Тиквешкото востание, Охридско-дебарското востание и др.), за да ја заокружи целината со Букурешкиот мировен договор и поделбата на Македонија во 1913 година.

Во однос на Првата светска војна (585-620) се презентираат настани тесно поврзани со воените настани на територијата на Македонија и за обидот на Јане Сандански да ја спречи новата катастрофа на Македонија. Исто така дава осврт и на оружените акции на ВМРО (кај Валандово и Удово) во 1915 година. Во текстот се разработуваат и содржини околу формирањето на воените единици и учеството на Македонците во нив како и создавањето на Македонскиот фронт и посебно битките кај Горничево, на Кајмакчалан, на Црна Река и др.

Во последната глава **Македонија во Втората светска војна**, д-р В. Стојчев, на повеќе од 120 страни, покрај презентирањето на општите состојби во Македонија во периодот меѓу двете војни и непосредно пред војната, изнесува податоци и за самата војна и повторната поделба на Македонија, Во тој контекст, во посебни точки се разработуваат и настаните тесно поврзани со воспоставениот окупаторски систем на власт на територијата на Македонија. Доминантните пунктови што авторот посебно ги потенцира се однесуваат на оруженото востание,на развојот на народноослободителната и антифашистичка војна, на операциите на македонската војска, на повлекувањето на италијанските, германските и бугарските воени сили од Македонија како и воените операции на силите на НОВ и ПОМ.

Во втората книга, која претставува составен дел на првата, се поместени вкупно 188 карти и скици. Во неа, воените операции и политичките промени се претставени со скици и на современа географска основа.

Книгата, заедно со картите и скиците претставува современ пристап во изучувањето на воената историја, кој, д-р В. Стојчев успеал многу успешно и професионално да го вкомпонира. Со еден збор, „Воената историја на Македонија“ на д-р Стојчев во иднина ќе претставува неодминлив историски материјал не само за оние што се занимаваат со воената историја туку и за историчарите и за пошироката јавност.

На крајот од книгата, покрај заклучокот, поместена е библиографија на користени позначајни извори и литература како и неизбежниот и полезен за читателот регистар на лични имиња и географски поими.

Трудот на д-р Ванче Стојчев го рецензираа проф. д-р Владо Поповски, генерал мајорот проф. д-р Ристо Дамјановски и м-р Ванчо Георгиев, додека пак лектурата и коректурата ја направија Лилјана Пандева и Митко Јованов. Како технички уредник се појавува Лидија Симовска-Поповска а на компјутерската подготовка Зорица Стојчева. За картите и скиците во втората книга се погрижија Јосиф Манасков и Ѓорѓи Манасков.

Во секој случај, оваа обемна книга, која е печатена во 1 000 примероци, заслужува внимание и треба да се види и прочита.

Ѓорѓи ЧАКАРЈАНЕВСКИ

Владимир ИВАНОСКИ - ЛУМБАРКО, ЗБОРНИК НА УЧЕСНИЦИ - БОРЦИ ВО НОБ И РЕВОЛУЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА (1941-1945) ОД ОПШТИНИТЕ КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО, том I, книга 1, Редакција “Млад борец”, Скопје, 1998, 281

Во периодот по Втората светска војна, во разни историографски прилози, статии, книги и пригодни говори, беше присустна мошне произволна манипулација со вкупниот број на учесниците во НОБ на Македонија како целина, за одделните општини и воени единици, бројот на загинатите борци, политичките затвореници, интернирци, депортирци, учеството на жените и слично. Тие обопштени произволни проценки внесуваа непотребни сомнежи и дилеми во научната и пошироката јавност, почнувајќи од методологијата, па се до прашањето за можната објективност на проучувањата од современата историја.

Согледувајќи ги тие негативните импликации кон проучувањата на НОБ во Македонија, Владимир Иваноски - Лумбарко се зафатил со еден далекусежен 25-годишен исцрпувачки проект, под наслов *Учесниците во НОБ на Македонија*. Во него тој си поставил за цел, на постојните произволности да одговори со аргументирани сумарни показатели, произлезени од сеопфатни истражувања на целокупната постоечка архивската документација, разните анкетни листови, документацијата за утврдување на пензискиот стаж, постојните сеќавања, сведоштвата од семејствата на учесниците и литературата. А како стручен соработник и потоа секретар на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија, во секојдневните контакти и постојаниот професионален ангажман, авторот бил на изворот на податоците, па успеал да комплетира богати био-